## Духовити поуки

Некој пустиножител го праша својот постар брат-монах:
„Што мислиш, дали е подобро да се следи разумот или срцето?“
Старецот одговори:
„Срцето.“
„Зошто?“
„Едноставно затоа што срцето ти кажува кои се твоите должности, а разумот смислува како да ги заобиколи“.

Некој друг мудрец го посетил авва Зенон и го прашал:
„Отец, можеш ли да ми кажеш што е тоа филозоф?
Филозофот е како слепец кој во темна соба бара црн мачор што таму го нема.“
„А што е тогаш теолог?“
„Теологот е исто што и слепецот, кој во темница бара црн мачор, но кој понекогаш го наоѓа.“

Еден учен монах од Антиохија го запраша отец Симеон: „Отец, што е за тебе реалност?“
„Реалноста беше нешто добро и едноставно додека луѓето не си увртеа во глава дека треба да ја истолкуваат таа реалност“.

Еден монах му се пожали на великиот Јован:
„Отец, многумина ме фалат, посоветувај ме што да правам?“
„Кога некој ти ги лиже нозете, сопри го додека не почнал да те каса.“

Некој монах којшто го озборуваше својот брат, великиот Јован му рече:
„Пред да почнеш да му се потсмеваш на братот, обиди се да ги ставиш нозете во неговите сандали.“


